[redacted]

<u>До Општина Демир Хисар</u>
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: [redacted], тел./факс +[redacted]e-mail: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted], тел./факс +[redacted] e-mail: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер ве молиме да ни ги доставите следните информации:

- **Број на противпожарни возила кои ги користи територијалната противпожарна единица на општината (со наведување дали се во сопственост, набавени на лизинг, добиени како донација или добиени на користење од друга институција)**
- **Марка и модел на возилата;**
- **Година на производство на возилата;**
- **Година на набавка на возилата;**
- **Набавна вредност на возилата**
- **Број на вработени/ангажирани професионални пожарникари (со наведување на статусот дали се вработени или ангажирани на друг начин)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) **фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Датум: 27.01.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 0302-83/1 од 23.01.2023

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 23.01.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со ТППЕ Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со ТППЕ Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 23.01.2023 година, со број 0302-83/1, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 23.01.2023 година под архивски број 09-93/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 27.01.2023 година, под бр. 09-93/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

_______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

| **Р.б.** | **Марка и модел на возило** | **Година на производтсво** | **Година на набавка** | **Набавна вредност** | **Сопственост** | **Начин на набавка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ПП возило FAP 13 | 1967 | 1995 | / | Општина Демир Хисар | Превземено од МВР Демир Хисар |
| 2 | Теренско возило LADA NIVA | 1989 | 2003 | / | МВР Скопје | Превземено од МВР Скопје |
| 3 | ПП возило IVECO DAILY | 2015 | 2015 | 4.612.500 | Општина Демир Хисар | Финансиски грант од Јапонска амбасада, проектот е реализиран од страна на Општина Демир Хисар |
| 4 | ПП возило ISUZU D-MAX CREW PLANET | 2018 | 2019 | 2.198.000,оо | Општина Демир Хисар | Финансиски грант од Министерство за финансии, преку Проектот за подобрување на општинските услуги, реализиран од Општина Демир Хисар |
| 5 | ПП возило FORD TRUCKS | 2022 | 2022 | 7.999.220 | Општина Демир Хисар | Донација од Центар за развој на Пелагониски плански регион Битола (финансиран од средства од Биро за регионален развој и Општина Демир Хисар).Проектот е реализиран од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион. |

| | |
|---|---|
| **Број на вработени професионални пожарникари во ТППЕ Демир Хисар** | **10-сите вработени на неопределено работно време** |

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

----------------------------------------------